РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1675/2
23-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1675/1 од 02.04.2026 година, во која се изнесени наводи против ---------- ---------- -------- и ---------- ---------- --------- приватни правни субјекти, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1675/1 од 02.04.2026 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 02.04.2026 година, поднесена е пријава против -------- -------- ---------- -------- и ---------- ---------- --------- приватни правни субјекти по што оформен е предмет број 12-1675/1 од 02.04.2026 година.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконистости во работењето на наведените правни субјекти каде што сопственикот на истите бил инволвиран во коруптивни активности поврзани со сомнителни фиктивни договори како и сторени други кривични дела иницирани преку прикривање и неплаќање данок за нелегално стекнатиот имот, перење пари и неплаќање на даноци и придонеси.

Дополнително наведено е дека истата пријава е поднесена и до Управата за финансиска полиција и Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување од причина што истите се однесуваат на лица кои не се службени лица во смисла

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и преземените дејствија од негова страна не се во надлежност на постапување на ДКСК, а подносителот истата пријава ја има доставено и до други надлежни органи за постапување Управата за финансиска полиција и Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, видно од приемните печати на наведените институции.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш член на ДКСК